**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА И МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВОТО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-506/3 од 1.11.2017 година донесена на 178. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 1.11.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *економска теорија* и *менаџмент во здравството* на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 26.9.2017 година и во предвидениот рок се пријавија:

- д-р Игор Тантуровски, претседател на Државна комисија за спречување на корупцијата;
- д-р Анастас Џуровски, вонреден професор, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола.

По извршениот увид во пријавите на кандидатите, Комисијата дојде до сознание дека кандидатот д-р Игор Тантуровски приложил комплетна документација, додека приложената документација на кандидатот д-р Анастас Џуровски е некомплетна. Имено, кандидатот д-р Анастас Џуровски не доставил соодветен број копии од дипломата за завршено соодветно образование (одбранетаа докторска дисертација) заверени на нотар, доставил нецелосна информација за меѓународните публикации во кои се објавени неговите трудови и не доставил примерок од одбранетиот докторски труд (не е можно отворање на електронскиот примерок од дисертацијата). Врз основа на претходно наведеното, како членови на Комисијата ја оценувавме единствено приложената документација на кандидатот д-р Игор Тантуровски и имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Игор Тантуровски** е роден на 15 јуни 1968 година во Скопје, Република Македонија. Основно училиште завршува во ООУ „Браќа Миладиновци“ во Скопје, а средно образование во економското училиште „Моша Пијаде“ во Скопје. Своето образование го продолжува на Економскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Прометно-комерцијална насока. Студиите ги завршува во 1995 година со просечен успех 8,09.

Со титулата магистер на економски науки се стекнува на Факултетот за бизнис економија во Скопје на 5.7.2010 година, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Странските директни инвестиции во Република Македонија и економските аспекти на политиката за нивно привлекување”. На постдипломските студии забележува просечен успех од 9,66.

Со научен степен доктор на економски науки се стекнува на 13.5.2014 година на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што со успех го одбранува докторскиот труд на тема „Импликации на финансиското менаџирање во јавното здравство – случајот на Република Македонија“.

***Работно искуство***

Кандидатот д-р Игор Тантуровски има обемно работно искуство во јавното здравство и тоа во ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски” - Скопје:

1995 – 1996 службеник;
1996 – 2002 шеф на сетководство;
2002 – 2006 финансиски раководител;
2006 – 2008 помошник на директорот за економија и финансии;
2010 – 2015 финансиски директор.

Во периодот 2008 – 2010 година ја врши функцијата директор во ЈЗУ „ЗС Железара“ во Скопје. Во текот на неговото менаџирање со установата постигнати се забележителни резултати во поглед на подигнување на нивото на здравствената заштита, реновирање на објектот и комплетно опремување на установата со најсовремена медицинска опрема. Како резултат на таквите постигнувања, ЈЗУ „ЗС Железара“ во моментов е една од најрепрезентативните јавни здравствени установи од доменот на дневна хемодијализа во Македонија.

Од 2015 година д-р Тантуровски е член на Државната комисија за спречување на корупцијата, а од 2016 година до денес е нејзин претседател.

Од приложената документација, Комисијата се стекна со увереност дека кандидатот д-р Игор Тантуровски одлично го владее англискиот јазик за што достави Уверение од Центар за едукација Ars studio.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на економски науки (одбранета докторска дисертација под наслов „Импликации на финансиското менаџирање во јавното здравство – случајот на Република Македонија“);
2. Остварен просечен успех од 8,09 на студиите на прв циклус и 9,66 на студиите на втор циклус;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Р. бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Igor Tanturovski | Measuring MSE volatility with mbi10 stock index | International Journal Scientific and Applicative Papers V11/1, Bansko, Republic Of Bulgaria, ISSN 1857-92, p. 186-191 | 2015 |
| 2 | Igor Tanturovski | Analysis of Macedonian public health system through institutional examples | International Journal Scientific and Applicative Papers V11/1, Bansko, Republic Of Bulgaria, ISSN 1857-92, p. 234-238 | 2015 |
| 3 | Igor Tanturovski | Contracting in public health system | Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference (8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p. 119-126 | 2016 |
| 4 | Ana Petrovska and Igor Tanturovski | The relationship leader - subordinate as a prerecquisite for the success of the performance of the company | Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference (8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p. 193-197 | 2016 |
| 5 | Igor Tanturovski and Ana Petrovska | Marketing mix comparison between two contemporary banks | Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference(8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p. 237-242 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Igor Tanturovski | Analytical review of national public health system in USA | Eleventh International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE 16-18 December, 2016 Bansko, Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 15.1, ISSN 1857-92, p. 271-280 | Global Impact & Quality factor 1.322 (2015) |
| 7 | Igor Tanturovski | Economic approach to health systems - health management, | The teacher of the future, Ninth International Scientific Conference, 17-19.6.2016, Durres, Republic of Albania, International Journal Scientific Papers Vol. 13.3, ISSN 1857-92, p. 209-214, | Global Impact & Quality factor 1.322 (2015) |
| 8 | Igor Tanturovski | Investment management in health care | International jurnal, Scientific Papers vol 17.3, Medicine and Natural sciences no.3, Budva, Montenegro 05.2017, ISSN 2545-4439 (printed), ISSN 1857-923X (e-version), p. 1301-1308 | Global Impact & Quality factor 1.322 (2016) |
| 9 | Igor Tanturovski | Types of centers of responsibility in health systems | International jurnal, Scientific Papers vol 17.3, Medicine and Natural sciences no.3, Budva, Montenegro 05.2017, ISSN 2545-4439 (printed), ISSN 1857-923X (e-version), p. 1309-1320 | Global Impact & Quality factor 1.322 (2016) |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од 2014 до 2017 година, за кој се изготвува овој реферат, кандидатот д-р Игор Тантуровски публикува повеќе научноистражувачки трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија. Во продолжение следува приказ и научна евалуација на неговата научноистражувачка дејност:

1. Igor Tanturovski (2016), ANALITICAL REWIEW OF NATIONAL PUBLIC HEALTH SYSTEM IN USA, Eleventh International Scientific Conference KNOWLEDGE IN PRACTICE 16-18 December, 2016, Bansko, Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 15.1, ISSN 1857-92, p.271-280, Global Impact & Quality factor 1.322 (2015).

Во овој труд д-р Тантуровски го анализира системот на јавно здравство во САД. Општо е мислењето дека се работи за развиен систем, кој е во исто време многу специфичен. Неговата специфичност го прави многу интересен од научна гледна точка, односно тој претставува предмет на постојани анализи. Системот се базира на пазарниот модел и споредбено со другите здравствени системи има големи предности, но и недостатоци (на кои авторот обрзнува посебно внимание). Оттука, голем број држави се трудат да ги воведат новините кои ги спроведува националниот здравствен систем на САД, но и да се избегнат сите оние негативни појави кои се јавуваат како страничен ефект.

2. Igor Tanturovski PhD (2015), MEASURING MSE VOLATILITY WITH MBI10 STOCK INDEX, International Journal Scientific and Applicative Papers V11/1, BANSKO, REPUBLIC OF BULGARIA, ISSN 1857-92, p.186-191.

Во овој труд кандидатот ја проучува Македонската берза преку нестабилноста на берзанскиот индекс МБИ10, обемот на тргување и номиналните нето-плати во анализираниот период. Целта на оваа студија е идентификување и утврдување на нето-платите и обемот на тргување на индексот МБИ10. Индексот МБИ10 се базира на котирањето на десетте најликвидни компании во Македонија и неговото движење е од суштинско значење за Македонската берза. Користејќи ја методологијата за студирање на настаните, авторот открива дека обелоденувањата на доброволни приходи покажуваат значителни реакции на берзанските акции околу известувањата за медиумите. Исто така, тој забележува значително осцилирање (намалување или зголемување) на обемот на тргување кога се

објавуваат добри или лоши вести. Покрај тоа, инвеститорите реагираат поагресивно кон лоши вести што укажува на тоа дека лошите вести поврзани со перформансите на фирмите се поверодостојни.

Во рамки на истражувањето беа реализирани регресиони анализи на панел-податоци со цел испитување на две категории. Добиениот резултат сугерира дека прогнозите за заработувачка се предмет на манипулации и помалку веродостојни. Притоа како зависно променлива варијабла е земен индексот МБИ10, а како објаснувачка варијабла е прикажана номиналната нето плата и обем на тргување месечно.

Оваа студија покажува дека во услови на економска криза берзанскиот индекс МБИ10 е под влијание и на други варијабли кои не се индицирани во истражувањето, но во подолг временски период циклусот на движење на индексот МБИ10 е релативно правилен.

3. Igor Tanturovski PhD (2015), ANALYSIS OF MACEDONIAN PUBLIC HEALTH SYSTEM THROUGH INSTITUTIONAL EXAMPLES, International Journal Scientific and Applicative Papers V11/1, BANSKO, REPUBLIC OF BULGARIA, ISSN 1857-92, p. 234-238.

Во трудот е направена споредба на селектирани институционални примери врз основа на расположивите податоци. Притоа се извлечени релевантни заклучоци. Разгледани се бројот на ДСГ случаи во сите четири здравствени установи, нивната тежина и case mix перформансите од тие два показатели, како и просечните денови на престој на пациентите. Податоците покажуваат дека case mix перформансите и тежината на третираните случаи се подобри кај ЈЗУ кои се во Скопскиот регион, за разлика од другите две установи (Штип и Битола).

4. Igor Tanturovski PhD (2016), ECONOMIC APPROACH TO HEALTH SYSTEMS - HEALTH MANAGEMENT, The teacher of the future, Ninth International Scientific Conference, 17-19.6.2016, Durres, Republic of Albania, International Journal Scientific Papers Vol. 13.3, ISSN 1857-92, p.209-214, Global Impact & Quality factor 1.322 (2015)

Еден од клучните фактори во организацијата и имплементацијата на промените во здравствените установи и здравствениот систем како целина е примената на соодветни стратегии, методи и алатки, а една од најефикасните стратегии е промената кај човечките ресурси. Без темелна трансформација на досегашната пракса на лидерството во здравството и без значителни промени во структурата и работата на сите вработени во здравството (без разлика дали се медицински или немедицински персонал), не можат да се очекуваат подобрувања во здравствениот сектор во целина. Транспарентност меѓу оперативата и раководството, како и помеѓу различни одделенија за давање услуги, тимови на различни експерти на иста задача и побрз и поефикасен трансфер на информации, како внатрешно така и во однос на надворешните фактори, треба да бидат обележја на новиот, флексибилен здравствен менаџмент. Притоа, фокусот треба да биде насочен кон здравственото менаџирање со посебен осврт на менаџирање со финансиите во здравството, трошоците и нивно контролирање, анализа на финансиските извештаи, буџетирање и други проблеми, кои се тесно поврзани со работењето на здравствените установи.

5. Igor Tanturovski PhD (2016), CONTRACTING IN PUBLIC HEALTH SYSTEM, Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference (8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p.119-126.

Начините на преговарање и склучување договори во јавното здравство, помеѓу фондовите за здравствено осигурување и здравствените установи, претставува важен елемент во современите здравствени системи. Во основа, здравствениот сектор во речиси сите земји е високо регулиран. Оттука и договорите се редовно третирани во рамки на важечкото национално право.

Договорите се алатки кои од неодамна влегоа во употреба во областа на здравството во Македонија. Познавањето на концептите, стратегиите и политиките, придонесуваат за нивна ефективна употреба. Без разлика дали се анализираaат од страна на корисниците на средствата (ЈЗУ) или од страна на тие што ја креираат политиката, договорите секогаш се збир на концепти кои ја тангираат областа на правото, економијата, јавното здравство и администрацијата. Затоа целта на трудот не е да се понуди чисто теоретско истражување, туку да се предложат концептуални елементи за неопходните активности во практиката од страна на професионалци, т.е. да се опишат концептите на основните договорни аранжмани.

6. Ana Petrovska and Igor Tanturovski PhD (2016), THE RELATIONSHIP LEADER - SUBORDINATE AS A PRERECQUISITE FOR THE SUCCESS OF THE PERFORMANCE OF THE COMPANY, Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference (8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p.193-197.

Лидерството претставува еден од најважните елементи во процесот на менаџментот. Тоа подразбира способност на едно лице да влијае без принуда на вработените, за да ги стимулира да соработуваат и да придонесуваат во напорите насочени кон остварување на целите на организацијата. Изворот на влијанието на менаџерот може да биде формален, да произлегува од неговата положба во организацијата, или неформален т.е. да произлегува од определена група на која припаѓа. Секој менаџер не е лидер, како што и секој лидер не е менаџер. Намерата на лидерството е менаџерите да ги идентификуваат главните фактори во дадената ситуација и да ги приспособат своите техники на водење на подредените во зависност од тие фактори. Лидерот поттикнува промени и за да биде ефективен мора да биде способен своите идеи да им ги пренесе на други луѓе. Со оглед на фактот дека лидерот ги води другите без принуда, тој мора пред сè да се познава себеси, да биде архитект кој ја оформува културата на организацијата. Тој ја трансформира визијата во акција преку овластување на подредените во остварување на целите.

7. Igor Tanturovski PhD and Ana Petrovska (2016), MARKETING MIX COMPARISON BETWEEN TWO CONTEMPORARY BANKS, Knowledge without borders, Eight International Scientific Conference (8-10.4.2016), Bulgaria, International Journal Scientific Papers Vol. 12.2, ISSN 1857-92, p.237-242.

Ова истражување е спроведено без одобрение на „С“ банка, за споредување на нивните услуги со оние на „Т“ банка. Цел на студијата е пронаоѓање на разликите помеѓу услугите на „С“ банка и „Т“ банка. Предмет на студијата е изнаоѓање на разликите и сличностите меѓу маркетинг микс услугите на двете банки. Емпириските наоди беа собрани со користење на нивните веб-страници, годишни извештаи, телефонски интервјуа и нивните промотивни документи.

Произлегува дека двете банки имаат многу слични маркетинг микс услуги. Мали разлики беа пронајдени во маркетинг истражувањето, производите и маркетинг комуникацијата. Во сите овие аспекти се покажа дека „С“ банката користи повеќе личен пристап од „Т“ банка. Истражувањето е фокусирано на маркетинг микс услугите на „С“ банка и „Т“ банка во целина.

8. Igor Tanturovski PhD, INVESTMENT MANAGEMENT IN HEALTH CARE, International jurnal, Scientific Papers vol 17.3, Medicine and Natural sciences no.3, Budva, Montenegro 05.2017, ISSN 2545-4439 (printed), ISSN 1857-923X (e-version), p. 1301-1308, Global Impact & Quality factor 1.322 (2016).

Инвестициите треба секогаш да бидат добро планирани доколку инвеститорот се стреми кон остварување на поставената цел. Вообичаено од нив се очекува да ги намалат оперативните трошоци или да го подобрат нивото на квалитет; понекогаш овие две цели се меѓусебно поврзани.

Намалувањето на трошоците може да се постигне со подобрување на процесите. Третманите во болницата припаѓаат на процесите во кои се применува многу знаење. Кога процесот на предавање знаења се забрзува можни се многу поповолни третмани. На располагање стојат различни постапки кои ја испитуваат предноста на инвестициите во однос на намалувањето на трошоците. Дел од нив се разгледани на основно ниво за да се добие појасна слика за намалување на трошоците преку правилно инвестирање.

9. Igor Tanturovski PhD, TYPES OF CENTERS OF RESPONSIBILITY IN HEALTH SYSTEMS, International journal, Scientific Papers vol 17.3, Medicine and Natural sciences no.3, Budva, Montenegro 05.2017, ISSN 2545-4439 (printed), ISSN 1857-923X (e-version), p.1309-1320, Global Impact & Quality factor 1.322 (2016).

Центар на одговорност е организациска единица која има формално поголема одговорност за извршување една или повеќе задачи и/или да се постигне еден или повеќе резултати. Во рамки на трудот кандидатот анализира неколку видови центри, при што дава објаснување како е делегирана одговорноста на одредени поединци или организациски единици.

Сервисните центри се основен тип центри на одговорност. Тие се главно одговорни за обезбедување услуги за населението на начин кој одговара на обемот и квалитетот на барањата на установата. Трошковните центри се одговорни за обезбедување услуги и контролирање на нивните трошоци. Идеално, тие треба да се интегрално вклучени во планирање, буџетирање и контрола на процесот, бидејќи се одговорни за искористување на ресурсите во установата. Профитните центри може да се одговорни и за услугите што ги даваат, а се поврзани со соодветни активности (имено, тие се одговорни за контрола на нивните трошоци и генерирањето приходи). Инвестицискиот центар пресметува дали нивото е прифатливо за да се обезбеди саканото време за враќање на инвестицијата.

*Магистерски труд*

Магистерскиот труд со наслов *„Странските директни инвестиции во Република Македонија и економските аспекти на политиката за нивно привлекување"* ги анализира тековите на странски директни инвестиции (СДИ) во Република Македонија, при што се фокусира на потребите и начините за нивно привлекување. Во ера на глобализација, СДИ се основен фактор за економскиот развој. Тие можат да генерираат вработувања, размена на добра и да придонесат за долгорочен економски развој. На придобивките на СДИ се гледа како на моќен мотив за нивно поттикнување. Дополнително, од СДИ се очекува да донесат нови знаења, менаџерски вештини, маркетинг стратегии, дистрибутивни и производни мрежи, од кои корист ќе има економијата на земјата. Поради ова, за многу земји, создавањето подобра инвестициска клима стана централен дел од економскиот развој. Претворањето на СДИ во инструмент за економски развој бара многу повеќе од градење имиџ на земјата како привлечен пазар за инвестиции. Создавањето подобра средина за СДИ бара сеопфатен пристап во имплементација на индустриските политики (закони за право на сопственост), намалување на корупцијата (реформи во судството) и макроекономски мерки (либерализација, дерегулација, современа инфраструктура, квалификувана работна сила). Важноста на координацијата на политиките не може да биде потценета. Неопходно е да се обезбеди дека влијанието нема да биде намалено или дури занемарено поради конфликтните ефекти од некоординираните политики.

Во случајот на Република Македонија, координацијата мора да се постигне помеѓу различните чинители на централната власт и помеѓу одделните општини. Понатаму, со цел СДИ да се претворат во инструмент за економски развој, долгорочните цели за економски развој мора да бидат јасно дефинирани, поаѓајќи од аспект на претходно утврдените национални приоритети.

*Докторска дисертација*

Во докторската дисертација на тема *„Импликации на финансиското менаџирање во јавното здравство – случајот на Република Македонија"*, фокусот е ставен на здравственото менаџирање со посебен осврт на финансиското менаџирање во здравството, односно контрола на трошоците, анализа на финансиските извештаи, буџетирање и други проблеми, кои се тесно поврзани со работењето на здравствените установи. Разработени се потребите за користење разни алатки и методи во процесот на носење финансиски одлуки, каде што ќе мора да се земат предвид низа нефинансиски фактори кои имаат значително влијание во носењето финансиски одлуки.

Јавното здравство е организирано на локално, државно и национално ниво, во функција на дефинирање на активностите потребни за реализација на здравствените цели. Балансираниот здравствен систем подразбира рационална распределба на средствата за различни превентивни и куративни елементи на здравјето. Новите услови во здравствената организација во 21 век, наметнуваат промени во болничкото работење. Тука припаѓаат: намалување на капацитетите, развој на амбулантското и домашното лекување и поврзување меѓу установите на примарна здравствена заштита.

Еден од клучните фактори во организација и имплементација на промените во здравствените установи и системот како целина претставува примената на соодветни стратегии, методи и алатки, а една од најефикасните стратегии е промената на човечките ресурси. Без темелна трансформација на досегашната практика на лидерството во

здравството и без значителни промени во структурата и работата на сите вработени во здравството, без разлика дали се медицински или немедицински персонал, нема да има подобрувања во здравствениот сектор во целина.

За квалитетни и ефикасни здравствени услуги на вработените во здравството им е потребна мешавина од различни вештини и стручност. Од една страна, тие треба да се вклопат во трендот на делегирање задачи на пониско квалификуваниот персонал, а од друга страна со континуирана едукација и обука на работното место, треба да работат на подобрување на своите квалификации за работа во новата средина. Транспарентноста во односите помеѓу оперативата и раководството, како и помеѓу различни одделенија за давање услуги, тимови на различни експерти на иста задача и побрз и поефикасен трансфер на информации, како внатрешно така и во однос на надворешните фактори, треба да биде обележје на новиот, флексибилен здравствен менаџмент.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот д-р Игор Тантуровски се има стекнато со повеќе сертификати за учество на низа меѓународни и домашни конференции и конгреси:

1. 2015 - Проект лидер на земјата корисник, Република Македонија на ИПА твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“, сертификат, Тренинг на тренери,
2. 2014 - Совет на Биро за јавни набавки – Скопје.
   Експерт од областите економија, финасии, сметководство и ревизија.
3. 2013 - Министерство за финансии – Скопје.
   Овластен државен ревизор
   Овластен сметководител.
4. 2013 - Министерство за правда – Скопје.
   Лиценца за вештачење од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење
5. 2012 - Министерство за здравство – Скопје.
   Избран во Првата група на најдобри кандидати и учесник на програмата за полагање испит за директор на јавна здравствена установа. Положени се сите модули со висок успех: Јавно здравје и здравствени информации, Здравствена економија и економика во здравството, Здравствени системи и политики, Основи на менаџмент, Деловна комуникација и управување.
6. 2012 - Биро за јавни набавки – Скопје.
   Сертификат за положен испит за јавни набавки.
7. 2011 - Министерство за финансии на Словенија, Center for Exelence in Finance, Сертификат, Project Management.
8. 2010 - Министерство за финансии на Словенија, Center for Exelence in Finance, Сертификат, Budget Execution.
9. 2008 - Oxford policy management и Министерство за здравство – Скопје.
   Сертификат, за активно учество во креирање политики и модели за изработка на основниот пакет на услуги.
10. 2007 - Министерство за здравство – Скопје.
    Член на Национална комисија за имплементација на ДРГ системот.
11. 2006 - Министерство за здравство – Скопје.
    Уверение за положен испит за директор во јавно здравство.
12. 2005 - ICON Institute – Скопје.
    Сертификат, Обука според законот за јавни набавки.
13. 2004 - Japan International Cooperation Agency. Japan.
    Сертификат, Едукација за болнички менаџмент (во траење од три месеци),
    Стипендија од Владата на Јапонија.
14. 2004 - St.Marry Hospital - Fukuoka, Japan.
    Сертификат, Едукација за болнички менаџмент во третата по големина болница во Јапонија и најуспешна болница во спроведување болнички менаџмент.

15. 2002 - Комисија за хартии од вредност на РМ.
Уверение – Положени испити за работа со хартии од вредност на Македонската берза.
16. 2002 - Securities Institute – London UK.
Сертификат – Положени испити од областа на меѓународните пазари на акции, обврзници и хартии од вредност со фиксна камата.
17. 2001 - World learning/Macedonia (under contract USAID).
Сертификат за положен CEPA English test.
18. 2001 - George Washington University, Washington DC.
Сертификат, Award of achievement for outstanding performance in the health reform strategies for health care finance and insurance training program, Стипендија од Владата на САД.
19. 2001 - Georgetown University, ECESP, Washington DC.
Сертификат, Финансирање на здравството и здравствено осигурување, Стипендија од Владата на САД.
20. 1998 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Овластен проценител на капиталот на трговските друштва со општо овластување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, по деталното разгледување на доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека пријавениот кандидат д-р Игор Тантуровски ги исполнува сите законски услови за избор во насловно звање - насловен доцент. Кандидатот покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Резултат на неговата научноистражувачка работа претставуваат релевантните научни трудови, што се изработени самостојно или во коавторство, и публикувани во меѓународни списанија и зборници од домашни и меѓународни научно-стручни конференции. Од трудовите се потврдува неговата ориентација за системски пристап кон поширoката област на економска теорија и поконкретно кон проблематиката на менаџмент во здравството. Од доставените документи може да се констатира дека кандидатот учествувал на неколку меѓународни конференции, дека поседува одлични стручни и организациски способности, како и способност за изведување одредени форми на наставно-образовна дејност.

Од направениот увид во документацијата можеме да посочиме дека кандидатот д-р Игор Тантуровски го има надминато минимумот од 75 поени кои се однесуваат за избор во доцент и ги исполнува сите законски услови за избор во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната област *економска теорија* и *менаџмент во здравството*. Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа кандидатот д-р Игор Тантуровски има солиден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Консеквентно, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **кандидатот д-р Игор Тантуровски да биде избран во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната област *економска теорија* и *менаџмент во здравството* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пеце Недановски, претседател,**
**редовен професор, Економски факултет,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, член,**
**редовен професор, Економски факултет,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Митрева, член,**
**вонреден професор, Факултет за туризам и**
**бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | ПОЕНИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број | поени | Број | Поени | Вкупно |
| | Ангажиран како експерт од пракса на Економскиот факултет при УГД по предметите: Менаџмент, Здравствен менаџмент и Организациско однесување, менаџмент и претприемништво | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **ПОЕНИ** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | | | 9 | 3 | 27 |
| 10. | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 11. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 22. | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **47** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **ПОЕНИ** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
| 17. | Елаборати и експертизи<br>– Лиценциран вештак од страна на Министерство за правда на РМ, вклучен во регистарот на вештаци, лиценца бр.07-4476/2<br>– Овластен државен ревизор ОДР, Уверение бр.50-421/1<br>– Овластен сметководител Уверение бр.11-3476/2<br>– Овластен проценител на капиталот на ТД уверение бр.49<br>– Овластен за работа со хартии од вредност на М. берза за ХВ, Уверение бр.05-1528/1<br>– Експерт од областа на ЈН заведен во регистарот на Советот за ЈН<br>– Securities Institute London, International Capital Market Qualification, License no. 513279 | 6 | 2 | 1 | 4 | 12<br>4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Член на владино тело<br>– Член на Комисија за изработка на ДРГ системот при Министерство за здравство на РМ<br>– Член на Комисија за изработка на основен пакет на услуги во здравствениот систем на РМ при Министерство за здравство на РМ<br>– Член на Работна група за имплементација на препораките на ГРЕКО при Министерство за правда<br>– Евалуатор на петиот круг на евалуација во ГРЕКО | 3 | 5 | 1 | 2 | 15<br>2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **33** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **80** |